*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на | Број 4 | |
|---|---|---|
| Општината Штип | 5 април 2007 година | ГОДИНА XLIV |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |

57.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА СО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА И ОДЛУКА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗАГУБАТА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година со финансиски извештаи по годишната сметка за 2006 година и Одлука на Управниот одбор за покривање на дел од загубата.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1120/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

58.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 11 точка 3 и 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА СО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА И ОДЛУКА НА УПРАВНИОТ ОДБОР ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗАГУБАТА

I

Се усвојува Завршната сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година со финансиски извештаи по годишната сметка за 2006 година и Одлука на Управниот одбор за покривање на дел од загубата.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1120/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

59.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП И ОДЛУКАТА ОД УО ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПОРЕДЕНА ДОБИВКА ПО ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка за 2006 година на ЈП "Штип-проект"-Штип и Одлуката на УО за распоредување на нераспоредена добивка по годишна сметка за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1121/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

60.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 11 точка 3 и 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП И ОДЛУКАТА ОД УО ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕРАСПОРЕДЕНА ДОБИВКА ПО ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се усвојува Завршната сметка за 2006 година на ЈП "Штип-проект"-Штип и Одлуката на УО за распоредување на нераспоредена добивка по годишна сметка за 2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1121/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

61.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КУПУВАЊЕ НА ОСНОВНО СРЕДСТВО

I

Се објавува Одлуката за купување основно средство - моторно возило од 2.000 кубици.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1122/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

62.

Врз основа на член 1 од Одлуката за извршување на буџетот на Општината Штип за 2007 година ("Службен гласник на Општината Штип", број 16/06) и член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КУПУВАЊЕ НА ОСНОВНО СРЕДСТВО

Член 1

Се одобрува купување на основно средство - моторно возило од 2.000 кубици.

Член 2

Средствата од 1.000.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општината Штип за 2007 година ставка 483-набавка на моторни возила.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1122/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

63.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА
## НА ПРОЕКТОТ "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИ ТОАЛЕТИ
## И ПАРК БЕЗИСТЕН"

I

Се објавува Одлуката за за учество на Општината Штип во реализацијата на Проектот "Реконструкција на јавни тоалети  и парк Безистен".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1123/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

64.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Шти", број 1/03), а во врска со Меморандумот за разбирање помеѓу Американската агенција за меѓународна соработка-Проект за успешна децентрализација-Фонд за добро општинско управување (УСАИД) и Општината Штип, Советот на Општината Штип на 30 март 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИ ТОАЛЕТИ И ПАРК БЕЗИСТЕН"

Член 1

Проценетото учество (работна сила, услуги, пари, непредвидени дополнителни работи итн.) на Општината Штип во реализацијата на Проектот "Реконструкција на јавни тоалети и парк Безистен" изнесува **9.936 УСА** во денарска противредност.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат со Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1123/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

65.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ПРОДАВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ
## ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за продавање на недвижен имот во сопственост на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1124/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

66.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОДАВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ
## ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Општината Штип продава дел недвижен имот, зграда која се наоѓа на КП. број 337 (зграда 2) со површина од 92м$^2$ и една половина од двор што се наоѓа на КП. 337 за КО Врсаково.

Член 2

Општината Штип го задржува правото на службеност преку дворното место на купувачот.

Член 3

Продажбата на недвижниот имот ќе се изврши по пат на јавно наддавање. Комисијата за јавно наддавање ќе ја формира градоначалникот на Општината Штип.

Член 4

Почетната цена на недвижноста ќе изнесува 309.683,00 денари.

Член 5

По спроведеното јавно наддавање, со купувачот ќе се склучи Договор за купопродажба во кој ќе се прецизира: површина на дворното место, службениот влез за зграда 1 што ја користи Општината Штип и МЗ "Врсаково" и начинот на плаќање.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1124/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

67.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ (НЕПРЕДВИДЕНИ) РАБОТИ НА ОБЈЕКТОТ "ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ НА СЕЛАТА ЛАКАВИЦА И БАЛТАЛИЈА"

I

Се објавува Одлуката за одобрување на средства за финансирање на дополнителни (непредвидени) работи на објектот "Водоснабдителен систем на селата Лакавица и Балталија".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1125/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

68.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на 30 март 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ (НЕПРЕДВИДЕНИ) РАБОТИ НА ОБЈЕКТОТ "ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ НА СЕЛАТА ЛАКАВИЦА И БАЛТАЛИЈА"

Член 1

Се одобруваат средства во висина од **439.569,00 денари** за финансирање на сите дополнителни, а непредвидени работи кои се произлезени од реализацијата на објектот "Водоснабдителен систем за селата Лакавица и Балталија".

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат со Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1125/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип

Драги Илиев, с. р.

69.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КУЈНСКИ ИНВЕНТАР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на кујнски инвентар сопственост на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1126/2
4 април 2007 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

70.

Врз основа на член 21 точка 25 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КУЈНСКИ ИНВЕНТАР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

На Средното општинско училиште "Коле Нехтенин" ц.о. Штип му се пренесува правото на управување и користење на кујнски инвентар сопственост на Општината Штип (машина за компир-1 број; кутлачи-2 броја; остава за прибор-1 број; рафт полица-1 број; работни маси-4 броја; бен мари-1 број; кипер-1 број; фрижидер-1 број; шпорет-2 броја; ќутук за месо-1 број; работна маса мала-2 броја; количка за служење-1 број; судопер 1м/1м-1 број и судопер голем-1 број).

Член 2

Инвентарот од член 1 на оваа Одлука се пренесува на управување и користење на Средното општинско училиште "Коле Нехтенин" ц.о. Штип без надоместок, со обврска училиштето да врши угостителски услуги за потребите на органите на Општината.

Средното општинско училиште "Коле Нехтенин" ц.о. Штип е должно да го користи кујнскиот инвентар според намената и со него да управува како добар домаќин.

Член 3

Средното општинско училиште "Коле Нехтенин" ц.о. Штип е должно целиот кујнски инвентар во исправна состојба да го врати на Општината Штип кога во училиштето ќе престанат да постојат паралелки од угостителска дејност.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1126/1
30 март 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

71.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР"
ЗА ЦЕНАТА ЗА СОБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ КАЈ
ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1127/2
4 април 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

72.

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 39/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР" ЗА ЦЕНАТА
ЗА СОБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ КАЈ
ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за цената за собирање и депонирање на смет од Управниот одбор број 0202-318 од седницата одржана на 19 март 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1127/1
30 март 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

73.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП "Исар"-Штип и член 27 и 29 од Законот за комунални дејности Управниот одбор на седницата одржана на 27 март 2007 година, донесе

ОДЛУКА
за цена за собирање и депонирање на смет
кај правни и физички лица

Член 1

Цените за собирање и депонирање на смет по категории на корисници по метар квадратен ќе изнесуваат:

| Р. бр. | Категорија на корисници | |
|---|---|---|
| 1. | Домакинства станбена површина | 1,60 |
| 2. | Домакинства дворна површина | 0,20 |
| 3. | А. Интелектуални услужни канцеларии (адвокати, осигурителни друштва, економски бироа, нотари) | 8,00 |
| | Б. Услужни и трговски правни субјекти, Бутици, кафичи, колонијални продавници и маркети, Ситни занаетчии, фризери, дискотеки | 15 |
| 4. | Дворна површина плац за склад на градежен материјал, огрев | 0,60 |
| 5. | Текстилна и кожарска индустрија | 3,00 |

6. Останати правни ица 2,50
7. Школи, детски градинки 2,00
8. Простор што го заземаат подвижни рингишпили, циркуси 40,00

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од страна на Советот на Општината Штип.

Управен одбор
Претседател,

Борче Везенков, с. р.

74.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип (пречистен текст).

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1128/2
4 април 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

75.

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 21 точка 35 од

Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА
ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И УРЕДУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип (пречистен текст).

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1128/1
30 март 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

76.

Управниот Одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип на седницата одржана на 3 ноември 2006 година врз основа на член 21 од Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП "Штип-проект"-Штип ("Службен гласник на Општината Штип") го утврди пречистениот текст на Статутот на ЈП "Штип-проект"-Штип. Пречистениот текст на Статутот на ЈП "Штип-проект"-Штип ги опфаќа Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 3/97) и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП "Штип-проект"-Штип("Службен гласник на Општината Штип" број 13/06).

СТАТУТ
на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување
на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип

## 1. Општи одредби

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, дејноста, општите акти и постапката за

нивното донесување како и други прашања од значање за јавното претпријатие.

Член 2

Јавното претпријатие е правно лице,со права,обврски и одговорности утврдени со закон,со своја жиро сметка.

Јавното претпријатие се оснива заради вршење на дејности од јавен интерес,планирање и уредување на просторот и комунални дејности.

Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејности со кои се остварува јавен интерес.

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес, јавното претпријатие треба да ги почитува следните принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспаретност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

## 2. Основање

Член 3

Советот на Општината Штип го основа јавното претпријатие со донесување на акт за основање.

## 3. Дејност, фирма, седиште, печат и штембил на ЈП

**Дејност**:

Член 4

Претежна дејност на ЈП "Штип-проект"-Штип е шифрата
45.11-Уривање и демонтирање на објекти-земјани работи

Јавното претпријатие во внатрешниот промет ги врши следните дејности:

45.23-------------------Изградба на автопатишта и други сообраќајници, аеродромски писти и спортски терени;

45.24-------------------Изградба на хидроградежни објекти

45.25-------------------Други градежни работи, вклучувајќи и специфични работи

45.31-------------------Поставување електрични инсталации и прибор;

45.32-------------------Изолациони работи

45.33-------------------Поставување на водоводни инсталации;

45.34-------------------Други инсталатерски работи

45.50-------------------Издавање на опрема и машини за изградба или уривање,со оператор;

74.20------------------Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички совети;

74.20/2-----------------Проектирање;

74.20/3-----------------Инженеринг

74.30 ------------------Технички испитувања и анализи

45.21-------------------Подигање на згради (високоградба) и изградба на објекти на нискоградба

45.21/2--------------Изградба на објекти на нискоградба

74.20/1---------------Просторно и урбанистичко планирање
74.20/4---------------Активности на геодетски работи
74.20/5---------------Активности на геолошки работи и истражувања

**Фирма**

Член 5

Полното име на фирмата на ЈП гласи: Јавно претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште на Општина Штип.
Скратеното име гласи: ЈП " Штип-проект"-Штип.

Член 6

Седиштето на фирмата е во Штип на ул. "Васил Главинов" бб.

**Печат, штембил, амблем**

Член 7

Начинот на употреба, ракување, чување и злоупотребата на печатот и штембилот е регулирано со посебен акт на ЈП.

## 4. Органи на јавното претпријатие

Член 8

Органи на јавното претпријатие се:
- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола
- Директорот

**Управен одбор**

Член 9

Управниот одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип се состои од 5 (пет) членови.
Времетраењето на мандатот на членовите на УО не може да биде подолго од четири години.
Членовите на УО ги именува односно разрешува основачот.
За членови на УО основачот може да именува преставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја во предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

Член 10

Членот на Управниот одбор не може да има лично,преку трето лице или по било која основа интереси во претпријатието.
Секој член на управниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес од еден или повеќе членови на управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Член 11

Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите овластувања да превзема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со Законот.

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува Статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;

а) Усвојува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење и врши доставување на истиот до Советот на Општината;

б) Ги усвојува извештаите за попис на средства и изворите на средства;

5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Одлучува за престанок на работниот однос во прв степен согласно Законот за работни односи;
10. Одлучува во втор степен по пригоовор;
11. Донесува програми, планови, одлуки и други акти од обласа на одбраната;

а) донесува планови за јавни набавки;

б) донесува одлуки за набавка и отпишување на основни средства;

12. Врши и други работи утврдени со Статутот.

Член 12

Управниот одбор може полноправно да работи и да одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на УО.

Член 13

Јавното претпријатие не може на претседателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор, или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Превземаната обврска спротивно на став еден од овој член е ништовна и без правно дејство.

## 5. Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење

Член 14

За вршење контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола составен од 5 членови.

Членовите на одборот за контрола од став еден од овој член ги именува односно ги разрешува основачот.

За членови на надзорниот одбор може да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Член 15

Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите матријали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие, по прегледувањето му дава мислење на УО, кој не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

## 6. Директор

Член 16

Со работата на јавното претпријатие раководи директор, што го избира односно разрешува градоначалникот на Општината.

Директорот може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на ЈП.

Изборот на директорот се врше врз основа на јавен конкурс.

Член 17

Директорот се избира со мандат од 4 години.

За директор на јавното претпријатие може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со Закон, треба да ги исполнува и следниве посебни услови:

- Да има завршено високо образование и тоа еден од овие факултети: градежен, архитектонски или економски.
- Да има 5 години работно искуство во струката.

Член 18

Директорот на јавното претпријатие:

- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор;
- учествува во спроведувањето на заклучоците и одлуките на управниот одбор;
- учествува во спроведување на основите на програмата за работа и развој;
- учествува во утврдување на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие;
- врши усогласување на деловната активност на јавното претпри-јатие;

- врши други извршни работи во врска со работењето на ЈП;
- ја организира работата и се грижи за реализација на програмите и плановите за одбрана;
- директорот е должен веднаш да го предупреди управниот одбор за одлука која не е во согласност со Уставот, односно е во спротивност со Законот или со која се повредуваат интересите на ЈП или му се нанесува штета на истото.

Член 19

Директорот на ЈП за својата работа одговара пред градоначалникот на Општината.

Директорот на ЈП склучува договор со градоначалникот на Општината за уредување на односите со ЈП во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со Закон.

Директорот, членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на ЈП, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 20

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејностите на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби како и да го застапува претпријатието пред судовите и пред другите органи.

За склучување на одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестициони вложувања за деловно-технолошка-техничка соработка со домашни и странски фирми, истражувања и развој како и набавка и оттуѓување на основни средства, директорот мора да побара согласност и одобрение од Управниот одбор.

Работните задачи, задолженија и одговорностите ќе бидат дадени во Правилникот за организација и систематизација на работните места.

Член 21

За одредени работи и работни задолженија директорот може да издаде полномошно во писмена форма на други стручни лица за застапување на јавното претпријатие пред судовите и другите органи.

Полномошникот го застапува претпријатието во границите на полномошното.

## 7. Други органи и тела

Член 22

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во ЈП се формираат помошни органи и тела-комисии по потреба.

Бројот на членовите на комисиите изнесува од 3-5 членови и нив ги избира управниот одбор.

Комисиите од своите членови избираат претседател и заменик претседател.

Комисиите ги свикува и со нив раководи претседателот односно заменик претседателот.

Комисиите работат во седници и решаваат во прв степен.

Член 23

Директорот на ЈП како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој преставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува директорот на ЈП.

## 8. Акти на јавното претпријатие

Член 24

Освен Статутот, во ЈП се донесуваат следните општи акти:

- Правилник за организација и систематизација;
- Колективен договор;
- Други акти.

Актите во ЈП мора да бидат во согласност со Статутот на ЈП.

Актите на ЈП за кои е потребна претходна согласност од основачот, стапуваат во сила по добивањето на согласноста.

Останатите акти на претпријатието стапуваат на сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла.

Општите акти ги донесува управниот одбор.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на ЈП.

## 9. Информирање на работниците

Член 25

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно и вистинито информирање на работниците, за севкупното работење на претпријатието, за остварување на распределба на добивката и за сите други работи.

ЈП изготвува и доставува извештаи за своето работење до Советот на Општината Штип.

Работниците се информираат и преку огласна табли на ЈП и други средства за информирање.

## 10. Јавност на работењето на јавното претпријатие

Член 26

Јавноста во работењето на ЈП се обезбедува со:

- објавување на статутот, колективниот договор и општите акти на огласна табла во претпријатието;
- информирање на јавните гласила за работата на ЈП
- објавување на веб-страни на листа на информации од јавен карактер

## 11. Одбрана

Член 27

Работниците во ЈП имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласноост со Законот.

Член 28

Работниците во ЈП можат да се организираат во синдикална организација согласно Законот.

**12. Штрајк**

Член 29

Ако работниците во ЈП одлучат да го користат правото на штрајк најдоцна седум дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк,треба на директорот на ЈП да му достават писмено предупредување во кое синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

Штрајкувачкиот одбор, преставниците на управниот одбор и директорот се должни по предупредувањето од став 1 на овој член да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запознаат работниците и јавноста.

Ако не се постигне спогодба во рок од 15 дена од денот на предупредувањето од ставовите 1 и 2 на овој член, синдикатот односно штрајкувачкиот одбор, ако донесат одлука да стапат во штрајк, должен е да ја достави одлуката за стапување на штрајк до директорот на ЈП најмалку 7 дена пред отпочнувањето на штрајкот.

Во одлуката се наведува местото, датата, часот и траењето на штрајкот. Кон одлуката задолжително се приложува и изјава за начинот на обезбедувањето на условите од член 33 од Законот за штрајк.

Доставувањето на одлуката за стапување во штрајк, не ги запира преговорите за решавање на спорот.

Член 30

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот во ЈП, должни се да го организираат и да го водат штрајкот на начин со кој ќе се обезбеди физичка сигурност на вработените, заштита на опремата и инвентарот, како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лоца и државните органи.

Штрајкувачкиот одбор е должен за време на штрајкот да соработува со директорот на ЈП, заради обезбедување на услови од став 1 на овој член.

Член 31

Објектите и административните простории на ЈП треба да им бидат достапни за непречно располагање на лицата кои го обезбедуваат непречното работење на ЈП.

Ако вработените спротивно на овој закон ги запоседнале и се задржуваат во објектите и административните простории на ЈП, директорот на ЈП е должен да преземе мерки за нивно отстранување.

Работниците се должни, правото на штрајк да го остваруваат во согласност со Законот за штрајк.

**12. Деловна тајна**

Член 32

Како деловна тајна на ЈП се сметаат исправи и податоци за нивното работење чие соопштување на неовластени лица поради нивната природа и значање би било против интересот на ЈП.

Секој вработен и член на Управниот одбор на ЈП, должен е да ја чува деловната тајна.

Должноста за чување на деловната тајна трае и по престанокот на членството на Управниот одбор,како и престанувањето на својството работник во ЈП.

Поблиски одредби за деловните тајни и за тоа кои исправи и податоци се сметаат како деловна тајна на ЈП, се утврдува со општ акт на ЈП.

## 13. Постапка за изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти

Член 33

Измена и дополнувањето на Статутот и другите општи акти на ЈП се врши во постапка на нивно донесување.

Иницијатива за измена и дополнување на Статутот и други општи акти може да поднесе директорот и член на управниот одбор.

Член 34

Толкувањето на одредбите од Статутот го дава управниот одбор во консултации со правната служба.

## 14. Остварување и заштита на јавниот интерес во ЈП

Член 35

Во случај на нарушување на работењето односно на вршење на дејноста на ЈП или ако ЈП не ги извршува со Закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да презема мерки со кои се обезбедуваат услови за непречно работење на јавното претпријатие.

Член 36

Доколку дојде до нарушување на работењето на ЈП согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија основачот на ЈП може да превземе соодветни мерки спрема ЈП предвидени во Законот за ЈП.

## 15. Завршни одредби

Член 37

Управниот Одбор на ЈП "Штип-проект"-Штип го донесува овој Статут на 15 септември 2006 година.

Член 38

Сите акти во ЈП ќе се усогласат со Статутот во рок од 6 месеци од стапувањето на сила на овој Статут.

Член 39

Статутот стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а по претходна согласност на основачот.

Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот донесен на 19 јуни 1997 година.

Управен Одбор
на ЈП "Штип проект"-Штип
Претседател,

Анчо Стојанов, с. р.

77.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1129/2
4 април 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

78.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03 ), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 30 март 2007 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗАИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/06 и 4/06) во членот 5 после став 4 се додаваат два нови ставови 5 и 6 кои гласат: "За поддршка за печатење книга се доделуваат средства во износ од 5.000,00 денари". "Средствата од претходниот став на овој член се доделуваат врз основа на барање со рецензија на книгата".

Ставот 5 станува став 7.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-1129/1 | Претседател |
| 30 март 2007 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 57. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година со финансиски извештаи по годишната сметка за 2006 година и Одлука на Управниот одбор за покривање на дел од загубата | 70/4 |
| 58. | Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година со финансиски извештаи по годишната сметка за 2006 година и Одлука на Управниот одбор за покривање на дел од загубата | 70/4 |
| 59. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка за 2006 година на ЈП "Штип-проект"-Штип и Одлуката на УО за распоредување на нераспоре-дена добивка по годишна сметка за 2006 година | 71/4 |
| 60. | Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2006 година на ЈП "Штип-проект"-Штип и Одлуката на УО за распоредување на нераспоре-дена добивка по годишна сметка за 2006 година | 72/4 |
| 61. | Решение за објавување на Одлуката за купување основно средство | 72/4 |
| 62. | Одлука за купување основно средство | 73/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 63. | Решение за објавување на Одлуката за учество на Општината Штип во реализацијата на Проектот "Реконструкција на јавни тоалети и парк Безистен" | 73/4 |
| 64. | Одлука за учество на Општината Штип во реализацијата на Проектот "Реконструкција на јавни тоалети и парк Безистен" | 74/4 |
| 65. | Решение за објавување на Одлуката за продавање на недвижен имот во сопственост на Општината Штип | 75/4 |
| 66. | Одлука за продавање на недвижен имот во сопственост на Општината Штип | 75/4 |
| 67. | Решение за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансирање на дополнителни (непредвидени) работи на објектот "Водоснабдителен систем на селата Лакавица и Балталија" | 76/4 |
| 68. | Одлука за одобрување на средства за финансирање на дополнителни (непредвидени) работи на објектот "Водоснабдителен систем на селата Лакавица и Балталија" | 77/4 |
| 69. | Решение за објавување на Одлуката за пренесување на правото на управување и користење на кујнски инвентар сопственост на Општината Штип | 77/4 |
| 70. | Одлука за пренесување на правото на управување и користење на кујнски инвентар сопственост на Општината Штип | 78/4 |
| 71. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица | 79/4 |
| 72. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица | 79/4 |
| 73. | Одлука за цена за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица | 80/4 |
| 74. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип (пречистен текст) | 81/4 |
| 75. | Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип (пречистен текст) | 81/4 |
| 76. | Статут на Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект"-Штип | 82/4 |
| 77. | Решение за објавување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 91/4 |
| 78. | Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 91/4 |